Архивски знак: ____
Рок на чување ____
____ 20 ____ год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: | 09.02.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 24- | 185/1 | - | - |

( Образец ПП……)

**До: Општина Пробиштип**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: Кристијан Панев
Ул. Кежовица бр.20 – Штип
panev_kristijan@hotmail.com
+38978307416

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

____________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Прашања за <u>Локален младински совет и Младински центар:</u>**

1) Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Ве молам споделете ја одлуката за формирањето.

2) Дали има(ло) повик за членови на Локалниот младински совет? Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.

3) Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на советот? (младински организаиции, организации за млади, студентски организации, политички подмладок итн.)

4) Дали е формиран младински центар во општината? Доколку да, споделете одлука за неговото формирање во прилог.

5) Доколку е формиран младински центар, дали се креирани програми? Доколку да, споделете ја програмата на младинскиот центар.

6) Доколку е формиран младински центар, дали истиот го води организација? Доколку да, наведете ја организацијата?

**Прашања за КРЕИРАЊЕ НА БУЏЕТ ЗА 2023:**

1) На кој начин општината ги консултираше младите при креирање на буџетот за 2023?

2) Ве молам доставете ми записник од препораки / предлози доставени од млади и младински организации за буџетот за 2023 (доколку постои).

3) Колку изнесува вкупниот планиран буџет на општината за 2023 година?

4) Колку изнесува вкупниот планиран буџет за Советот на млади на општината за 2023?

5) Колку изнесува вкупниот планиран буџет за Канцеларијата за млади за 2023?

6) Колку изнесува вкупниот планиран буџет за Младинскиот центар за 2023?

7) Колку од планираните расходи од Буџетот за 2023 се наменети за млади (во апсолутна бројка)?

**Прашања за РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ ЗА 2022:**

8) Колку изнесува вкупниот реализиран буџет на општината за 2022 година?

9) Колку од средствата превидени во ставката ТРАНСФЕРИ ДО НВО биле искористени за активности за млади?

10) Колку од средствата превидени во ставката УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ биле искористени за активности за млади?

11) Колку од средствата превидени во ставката ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ биле искористени за активности за млади?

12) Колку од средствата превидени во ставката КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ биле искористени за активности за млади?

13) Колку од средствата превидени во ставката КУЛТУРА биле искористени за активности за млади?

14) Колку од средствата превидени во ставката СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА биле искористени за активности за млади?

15) Колку од средствата превидени во ставката ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ биле искористени за активности за млади?

16) Колку од средствата превидени во ставката ОБРАЗОВАНИЕ биле искористени за активности за млади?

17) Колку од средствата превидени во ставката ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА биле искористени за активности за млади?

18) Колку од средствата превидени во ставката УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА биле искористени за активности за млади?

19) Колку од средствата превидени во ставката СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА биле искористени за активности за млади?

20) Колку средства од Буџетот за 2022 се реализирани за поддршка на млади и младински активности?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго _______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Штип, 08.02.2023 година.** _______________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Кристијан Панев Ул. Кежовица бр.20 – Штип**, поднесено на ден **09.02.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-185/2
28.02 2023 год.
ПРОБИШТИП

## РЕШЕНИЕ

Барањето од **Кристијан Панев Ул. Кежовица бр.20 – Штип** наш бр.24-185/1 од 09.02.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

**Прашања за Локален младински совет и Младински центар:**

1) Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Ве молам споделете ја одлуката за формирањето.

2) Дали има(ло) повик за членови на Локалниот младински совет? Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.

3) Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на советот? (младински организиации, организации за млади, студентски организации, политички подмладок итн.)

4) Дали е формиран младински центар во општината? Доколку да, споделете одлука за неговото формирање во прилог.

5) Доколку е формиран младински центар, дали се креирани програми? Доколку да, споделете ја програмата на младинскиот центар.

6) Доколку е формиран младински центар, дали истиот го води организација? Доколку да, наведете ја организацијата?

**Прашања за КРЕИРАЊЕ НА БУЏЕТ ЗА 2023:**

1) На кој начин општината ги консултираше младите при креирање на буџетот за 2023?

2) Ве молам доставете ми записник од препораки / предлози доставени од млади и младински организации за буџетот за 2023 (доколку постои).

3) Колку изнесува вкупниот планиран буџет на општината за 2023 година?

4) Колку изнесува вкупниот планиран буџет за Советот на млади на општината за 2023?

5) Колку изнесува вкупниот планиран буџет за Канцеларијата за млади за 2023?

6) Колку изнесува вкупниот планиран буџет за Младинскиот центар за 2023?

7) Колку од планираните расходи од Буџетот за 2023 се наменети за млади (во апсолутна бројка)?

Прашања за РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ ЗА 2022:

8) Колку изнесува вкупниот реализиран буџет на општината за 2022 година?

9) Колку од средствата превидени во ставката ТРАНСФЕРИ ДО НВО биле искористени за активности за млади?

10) Колку од средствата превидени во ставката УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ биле искористени за активности за млади?

11) Колку од средствата превидени во ставката ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ биле искористени за активности за млади?

12) Колку од средствата превидени во ставката КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ биле искористени за активности за млади?

13) Колку од средствата превидени во ставката КУЛТУРА биле искористени за активности за млади?

14) Колку од средствата превидени во ставката СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА биле искористени за активности за млади?

15) Колку од средствата превидени во ставката ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ биле искористени за активности за млади?

16) Колку од средствата превидени во ставката ОБРАЗОВАНИЕ биле искористени за активности за млади?

17) Колку од средствата превидени во ставката ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА биле искористени за активности за млади?

18) Колку од средствата превидени во ставката УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА биле искористени за активности за млади?

19) Колку од средствата превидени во ставката СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА биле искористени за активности за млади?

20) Колку средства од Буџетот за 2022 се реализирани за поддршка на млади и младински активности?

Се УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од **Кристијан Панев Ул. Кежовица бр.20 – Штип** имателот на информацијата **Општина Пробиштип**

Ви ја доставува информацијата:

**Прашања за <u>Локален младински совет и Младински центар:</u>**

- Општина Пробиштип нема формирано Локален младински совет, планирано е во тековниот период да започне неговата постапка.

- Општина Пробиштип по објавен Јавен повик за избор на младинска организација донесе Решение за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип и потпиша Договор за управување со Младинскиот центар во Пробиштип со младинската организација Здружение на граѓани ГРИТ наш арх.бр.08-990/8 од 23.12.2022 година, бр.1102-25/2022 од 23.12.2022 година. Младинската организација за својата работа има изготвено Програма, која е усвоена од страна на Совет на општина Пробиштип арх.бр.26-990/6 од 12.12.2022 година

**Прашања за КРЕИРАЊЕ НА БУЏЕТ ЗА 2023:**

- При изготовка на Буџетот општината ги информираше и консултираше младите преку медиумите и преку преставници од месните заедници.
- Општината не располага со записник од препораки и предлози доставени од млади и младински организации за буџетот за 2023 година;
- Планираниот буџет на општината за 2023 година изнесува 173.187.000,00 денари.
- Општина Пробиштип нема планирано буџет за Советот на млади за 2023 година;
- Општина Пробиштип нема планирано буџет за Канцеларијата за млади за 2023 година;
- Вкупниот планиран буџет за Младинскиот центар за 2023 година изнесува 600.000,00 денари;
- Планирани расходи за 2023 година од Буџетот на општина Пробиштип за млади изнесуваат 600.000,00 денари.

**Прашања за РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ ЗА 2022:**

- Вкупниот реализиран буџет на општината за 2022 година изнесува 138.456.204,00 денари или вкупно 88% од планираниот буџет. Вкупната реализација на буџетот на општина Пробиштип не врши посебна поделба на реализацијата на средствата за млади, туку во целокупната реализација на буџетот се подразбира реализација на активности и за млади односно ТРАНСФЕРИ ДО НВО за активности за млади, УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ за активности за млади, ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ за активности за млади, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ за активности за млади, ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ за активности за млади, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА за активности за млади и За УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА за активности за млади.
- За КУЛТУРА за активности за млади биле искористени 1.473.274,00 денари;
- За СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА за активности за млади биле искористени 1.814.323,00 денари
- За СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА за активности за млади биле искористени 477.813,00 денари

Во Прилог:

- Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип арх.бр.08-990/1 од 20.10.2022 година;
- Записник од одржана седница на Комисија за разгледување и евалузација на поднесените пријави по Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади за раководење на Младински центар во пробиштип арх.бр.08-990/4 од 21.11.2022 година;
- Мислење за избор на младинска организација арх.бр.08-990/5 од 22.11.2022 година
- Решение за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип арх.бр.08-990/7 од 22.12.2022 година;
- Договор за управување со Младински центар во Пробиштип наш арх.бр.08-990/8 од 23.12.2022 година, бр.1102-25/2022 од 23.12.2022 година;
- Годишна програма за работа на Младински центар во општина Пробиштип арх.бр.26-990/6 од 12.12.2022 година;

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Пробиштип на 28.02.2023 година, под бр.24-185/2**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

______________________________

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

______________________________

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

Република Северна Македонија ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2

______________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-185/3
28.02 2023 год.
ПРОБИШТИП

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: **28.02.2023 година**
ДО: **Кристијан Панев Ул. Кежовица бр.20 – Штип,**

ПРЕДМЕТ: Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**

ВРСКА: 24-185/1 од 09.02.2023 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.
Во Прилог:

- Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип арх.бр.08-990/1 од 20.10.2022 година;
- Записник од одржана седница на Комисија за разгледување и евалузација на поднесените пријави по Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади за раководење на Младински центар во пробиштип арх.бр.08-990/4 од 21.11.2022 година;
- Мислење за избор на младинска организација арх.бр.08-990/5 од 22.11.2022 година
- Решение за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип арх.бр.08-990/7 од 22.12.2022 година;
- Договор за управување со Младински центар во Пробиштип наш арх.бр.08-990/8 од 23.12.2022 година, бр.1102-25/2022 од 23.12.2022 година;
- Годишна програма за работа на Младински центар во општина Пробиштип арх.бр.26-990/6 од 12.12.2022 година;

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице

Република Северна Македонија ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2 ПРОБИШТИП